**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седмото продолжение на Дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 ноември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 16,18 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме по 27-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубисав Иванов Ѕигно, Горан Ѓуровски, Иван Стоиљковиќ, Љиљана Затуровска, Никола Ќуркчиев, Весна Бендевска, Славица Грковска Лошкова, Фијат Цаноски, Петар Поп Арсов, Имер Селмани, Панче Дамески ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 13 - Предлог на резолуција за решавање на спорот за името на Република Македонија**

Предлогот на резолуцијата ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на резолуцијата.

Меѓувреме сакам да известам дека претставникот на предлагачите, пратеникот Тито Петковски, поднесе амандман на насловот на Предлогот на резолуцијата, амандман на страна 1 во ставот 2, амандман на страна 1 во ставот 3, амандман на страна 1 во ставот 4, амандман на страна 1 во ставот 5. Амандман на страна 2 точка 1 став 2, амандман на страна 2 точка 2 и амандман на страна 2 точка 4 став 2 кои се составен дел на текстот на резолуцијата.

Пратеникот Стојан Андов поднесе амандмани за додавање нов став 1 во насловот на Предлогот на резолуцијата и на точка 1 за менување на став 1 по кој претставникот на предлагачите не се произнел.

Меѓувреме сакам да констатирам дека претставникот на предлагачите господинот Тито Петковски по амандманот за додавање нов став 1 по насловот на Предлогот на резолуцијата поднесен од пратеникот Стојан Андов писмено ме извести дека го прифаќа амандманот.

Исто така констатирам дека амандманот на точка 1 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Стојан Андов видозименет со писмо ме извести претставникот на предлагачите пратеникот Тито Петковски дека го прифаќаа амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на резолуцијата.

Сакам да ве информирам дека на координација постигнат е следниот договор, кој што се надевам и посакувам да биде почитуван.

По Предлогот на резолуцијата ќе зборуваат претставникот на предлагачите господинот Тито Петковски, господинот Ѓорѓи Оровчанец, господинот Али Ахмети, госпоѓата Цветанка Иванова, госпоѓата Силвана Бонева кои што согласно договорот ќе имаат од 15 минути обраќање кон пратениците, додека после нив ќе зборуваат претседателот на Република Македонија господинот Бранко Црвенковски и претседателот на Владата на Република Македонија господин Никола Груевски во траење од 25 минути.

Има збор господиниот Тито Петковски. Повелете.

**Тито Петковски:** Благодарам господине претседател, господине претседател на Републиката, господине премиер, господине министер, почитувани колеги пратеници.

Дозволете ми најнапред навистина да го изразам своето лично задоволство, како и задоволството на предлагачите на оваа Предлог резолуција што конечно покажавме дека можеме меѓу себе да разговараме, да се договараме и да градиме заеднички ставови кога станува збор за прашања од највисок државен и национален интерес. Задоволството е до толку поголемо што на денешната наша седница на Собранието присуствуваат и претседателот на државата, премиерот на Владата на Република Македонија и министерот за надворешни работи, чии ставови, се разбира, мислам дека го пренесувам и вашето чувство во врска со предложената резолуција и со наметнатиот спор околу името со нетрпение очекуваме да ги слушнеме.

Покрај потребата од одбрана на идентитетот на македонскиот народ, јазик, историја и култура, основната идеа за поднесување на Предлог резолуција е нашата заедничка убеденост дека подигнувањето на нивото на политичкиот дијалог со Грција и Европската унија не е можно, доколку претходно не го подигнеме нивото на политичкиот дијалог внатре во земјата, меѓу нас најодговорните политички фактори во државата.

Во таа насока ја доживуваме и денешната седница на Собранието на Република Македонија со учество на најодговорните луѓе, кои што директно ја остваруваат комуникацијата со меѓународната заедница и се директно вклучени во преговарачкиот процес со Грција.

Ова е можност да се обидеме заедно да изградиме јасна стратегија и препознатлива државна политика по едно прашање кое е од суштинско значење за иднината на државата. Сметаме дека ова е патот што води кон зајакнување на нашата преговарачка позиција со Грција и што гарантира успешна надворешна политика на државата.

Свесни сме дека досегашниот наш неуспех, пред се се должи на агресивната дипломатска активност на Грција која успешно ги оневозможува нашите напори за меѓународно интегрирање. Ако Грција не ги крие своите намери да ја попречи Македонија на патот кон НАТО и Европската унија, наша обврска е максимално да се ангажираме и да ги искористиме сите потенцијали што ни стојат на

располагање во изнаоѓање соодветни патишта и механизми во насока на остварување на тие наши цели.

Во таа насока и потребата од изградба на единствен став на сите политички субјекти во државата, особено оние кои се вклучени директно во преговарачкиот процес и се разбира, кои ја сносат одговорноста околу конечниот успех на Македонија во овој процес.

Морам да потенцирам дека, како политички партии, како политичари, одговорни луѓе, мора да признаеме дека како држава имавме вистинска шанса годинава да направиме позитивна пресвртница што ќе го означеше дефинитивниот крај на мачната бесконечна транзиција со тоа што ќе станевме членка на НАТО, а со самиот тој чин, претпоставувам дека ќе ја подотворевме вратата кон Европската унија. За жал, на двата стратешки пункта доживеавме неуспех.

Почитувани пратеници, дами и господа,

Македонија има право и може да одлучи дека никакво членство во било кој сојуз не може да биде надомест за националното достоинство и одбраната на името. За идентитетот и без тоа не треба да разговараме, бидејќи тоа не може да биде предмет на дискусии и концензус. Тоа е историски верификуван факт и за него никој нема мандат да преговара. Ниту ние како пратеници, ниту шефот на државата, ниту Владата.

Но, бидејќи спорот ни е наметнат, а не е наш избор, мора да бидеме мудри, упорни и истрајни во остварувањето на конечната наша цел. Лично сум убеден дека подобри шанси за успех во битката за името, а со тоа и прогрес во Евроатланските интеграции ќе имаме само доколку употребуваме политички и дипломатски средства, а не да се конфронтираме.

Да презентираме аргументи, разбирливи и за светот, а не само за нас дома. Свесни дека се бориме за иднината што нуди многу повеќе можности отколку добивањето битка за минатото.

Со начинот на кој ја водиме битката, на два колосека, за жал, еден на Претседателот на државата, еден на премиерот и со аргументите што ги употребуваме, повеќе од сигурно е дека од мал, во очите на светот, но кредибилен партнер на Европската унија и НАТО, ќе прераснеме во уште еден од многуте проблеми на Европската унија од Балканот.

Мислам дека е неопходно час поскоро да сфатиме дека живееме во свет практично без меѓународен поредок. Грција и нејзините сојузници успеаа да ги наметнат своите гледишта, се разбира на наша штета. Не поради тоа што се во право, туку пред се заради тоа што се доволно моќни за да го прават тоа.

Погледнете само како еволуираше спорот околу нашето име. Од билатерално, меѓу Македонија и Грција, стана прашање од внатрешен интерес на Европската унија или земјите членки на НАТО. Кој знае дали ќе можеме и да говориме, во полна смисла на зборот за меѓународна заедница, од едноставна причина што тешко може да се препознаат меѓународните норми и стандарди кога станува збор за спорот околу нашето уставно име.

Светот, несомнено знае дека Македонија е жртва на грчкиот шовинизам, но и покрај тоа покажува разбирање за ставовите на својот пријател и сојузник. Дури успеаа да ја наметнат тезата дека токму Грција е кооперативниот и конструктирен партнер во спрот, а не Македонија. дека наводно, Грција, а не Македонија, настојува да гради добрососедски односи и ние сме некоректниот и неконструктивниот пратенер.

Против таква искривена слика за Македонија можеме да се бориме само со јасна стратегија и утврдена државна политика, а не едновремено со две политики што практично сериозно ни ги нарушуваат шансите во очите на меѓународната заедница.

Ни треба и единство, на што сите се повикуваме. Ни треба коориднирана и успешна политика, а успешноста на политиката се мери по квалитетот на животот на граѓаните. Тој пак, од своја страна бара стабилност, спокојство, брз економски развој, благосостојба и среќа, пристоен личен и општествен стандард. Тоа е смислата на животот.

Бидејќи сами не можеме да го решиме спорот, природно сме упатени на меѓународната заедница, онаква каква што е. И во случаите кога бараме помош од нив, како што е овој, мора да знаеме дека нивниот однос кон нас е надвор од наша контрола. Во тој процес на сцената настапуваат многу конкретни интереси и се разбира, истите се многу поважни за нив, отколку за нас. Се разбира, според нивните критериуми.

Доколку не го сфатиме тоа и не бидеме мудри, а приот чекор до мудроста, како што рекол еден умен човек е да се напушти страста за слава, реални се шансите да продолжиме да живееме како маргинализирана заедница, изолирани и со скромни надежи за просперитет и посигурна иднина.

Многу еворпски авторитети предвидуваат дека само патот кон Европската унија е нешто што ја одржува Македонија како целина. Поради тоа, почитувани дами и господа, успешноста на борбата за вакви стратешки прашања, како што се името и евроатланските интеграции, претпоставува целосен политички консензус на сите политички партии на државниот врв.

Ни треба согласност околу потребата за изградба на јасна државна стратегија што е можна само преку една отворена и искрена дебата како што, претпоставувам, дека ќе биде денешната, на Собранието на Република Македонија. Сосема е јасно дека имаме разлики во пристапот околу третманот на ова прашање до денешниот ден и на општо задоволство и мислам дека тоа го надминавме.

Опозицијата сметаше дека таквата дебата е неопходна како услов за зајакната македонска позиција. За парламентарното мнозинство, барем

од она што имавме можност да го слушнеме од медиумите ова претставува само можност за манифестација на слабост и неедиство, што во крајна линија ќе и штети на македонските национални интереси. Мислам дека е добро што тоа денес го демантиравме. Задоволство е да се констатира дека околу пристапот на овие прашања конечно постигнавме консензус. Кога говориме за различниот пристап околу третманот на прашањето, сакам за нешто да бидам сосема јасен.

Преговорите што ги водиме со Грција се тајни и такви треба да останат. Но, за да постигнеме меѓусебна согласност околу заедничкиот интерес на сите политички партии, тогаш дебатата навистина мора да биде искрена и конструктиван. Во спротивност со сигурност можеме да тврдиме дека дебатата ќе се претвори во лоша претстава и лицитација со патриотозмот, за жал, со каква дебата имавме можност во минатото да се соочиме.

Граѓаните очекуваат од нас, почитувани пратеници, да донесеме мудри и храбри одлуки. Тие во овој момент се збунети. Многу често политичките партии и нивните лидери повторуваат дека евроатланските интеграции се врвен национален интерес и приоритет, а сега гледаат колебање кај македонската политичка елита. На таков однос како политички партии мислам дека немаме право. Грција точно знае што сака и тоа отворено го кажува. НАТО исто така, јасно порачува дека проблемот со членство во НАТО е само спорот што Грција ни го наметнува со името. Мошне прецизни се барањата на Европската унија изразени преку конкретните критериуми. Мора да кажеме гласно и јасно што сакаме ние и што бараме во овој процес. Она што како порака власта често го повторува дека членството во НАТО и Европската унија се врвен национален интерес но не по секоја цена. Ајде да видиме која е таа цена и која е условно речено црвената линија која не смееме да ја пречекориме. Да видиме колку е тоа и колку тоа ќе не чини како народ и држава.

Премиерот во два наврати побара да бидеме сплотени и да манифестираме единство. Но, останува нејасно како да дојдеме до тоа единство, која е платформата зад која бара такво обединување и подршка од партиите и граѓаните.

Во вакви историски околности мора да се има јасна цел и јасна визија за реализација на посакуваните цели. Не реално е да очекуваме тука да ни помогнат однадвор и да смислат начин како да го совладаме грчкото противење. Како политички партии и политички елити по ова прашање мора да демонстрираме единство и заедништво, а на граѓаните многу прецизно да им кажеме која е целта и која е цената за било која од овие варијанти.

Македонија во блиското минато истрпи многу блокади и ембарга од Грција, но не потклекна, така што варијантат нема разговор за името, може да биде навистина во игра како варијанта. Но, граѓаните мора да ја знаат цената и на едната и на другата варијанта.

Од тие причини, почитувани пратеници, и го предложивме претстојниот текст на резолуцијата и јас ви предлагам во име на предлагачите да го изгласаме е да пратиме порака од ова Собрание дека имаме сенс, чувство за државните и националните интереси и дека тие во овој момент се на преден план. Еве што кусо, сосема кусо предлагаме повеќе за информирање на јавноста.

Прво, во најкус можен рок да се утврди државна стратегија за решавање на спорот со Република Грција во врска со името на Република Македонија во која јасно и недвосмислено ќе бидат вградени единствени ставови на политичките субјекти директно вклучени во преговарачкиот процес. Со државната стратегија неопходно е да се заштитат највисоките државни и национални интереси и да се зачува идентитетот на македонскиот народ, јазик, историја, култура и постоење на македонското национално малцинство и да се афирмира позицијата на Република Македонија како суверена и самостојна држава.

Второ, при утврдувањето на стратегијата задолжително да се имаат предвид ставовите, предлозите и мислењата на политичките партии застапени во Собранието на Република Македонија.

Трето, во изготвувањето на државната стратегија да се консултира експертската јавност и невладините организации кои се занимаваат со меѓународната политика.

Четврто, да се засилат дипломатските активности на надлежните политички субјекти во змејата и странство, при што да се афирмираат виталните интереси и стратешки цели на Република Македонија и да се укажува на потребата од почитување на темелни документи на ОН и на меѓународното право.

Ако имавме ваков пристап, почитувани пратеници, и порано, мислам дека немаше да дозволиме да ни се случат Панама, Конго итн, дај боже да не се случи, да не се тие вести апсолутно реални.

Се разбира, овие имате можност во текстот што ви е доставен, овие делови што ги прочитам од Предлог резолуцијата се корегирани со идеите на другите колеги пратеници и се надевам дека постигнувајќи консензус за начинот за кој ќе расправаме, дефинитивно ќе постигнеме консензус и околу текстот на резолуцијата, со што ќе ја потврдиме нашата силна определеност за државната стратегија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Во меѓувреме претставникот на предлагачите пратеникот Тито Петковски поднесе амандман на страна 1 став 1 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на резолуцијата.

Има збор господиниот Ѓорѓи Оровчанец. Повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине претседателе.

Господине премиер, господине претседател на државата,

После многу натегања стигнавме до оваа седница за која сметавме дека треба нешто да реши.

Прво и основно сакам да го споделам моето чувство дека оваа седница со ваква тема и на овој начин многу касно ја носиме во ова Собрание. Мојот став уште кога сите овде пратеници во минатиот состав гласавте, затоа што има дел кои и тогаш беше присутен, има и нови пратеници за НАТО интеграциите односно Декларацијата која ја поднесов тогаш можевме да имаме стратегија како да ги надминеме проблемите, затоа што проблемите постоеа и тогаш, затоа што овие проблеми постојат 15 години. И, ако сме амбициозни дека со оваа седница ќе успееме да надминеме некој проблем, јас мислам дека нема да успееме во потполност, без разлика што можам да ги поделам мислењата и ставовите околу овие заклучоци, затоа што се тие дел од мојот ментален склоп. Меѓутоа, не сакам да оправдувам нешто што очигледно не се изработило и не се направило како што треба.

Пред се би рекол, ова не е нормално, не е нормална седница, немате дебата, немате реплики, дури немате ништо од оние елементи кои што се во новиот Деловник господине претседателе, прашање е на политички договор кој повторно е на штета на демократијата.

Значи, не е јасно како дојде до оваа седница, едноставно, времето за нејзино реализирање, тајмингот, можностите кои оваа седница ги нуди нешто да направиме,практично можам да заклучам дека во отсуство на дебата со вака јалови изнесени одредени ставови за да дојдеме до некоја позиција да донесеме заклучоци околу некој консензус за кој во преговорите до сега тешко одеше, оваа седница со своите резултати можам да ја дефинирам и ја класифицирам дека може да биде и непотребна и безпредметна. Повеќе сфаќам дека оваа седница станува еден инструмент за подигање на лични рејтинзи, задоволување на сопствени отчети дури и промоција на одредени партиски ставови.

Не сум сигурен дали оваа седница ќе може да донесе нешто ново во сплотеноста на граѓаните или ќе предизвика во веќе нарушеното ткиво меѓу Македонците уште поизразена диференцираност во она што до сега се случуваше во овој период, а тоа е поделбата на патриоти и поделбата на предавници. Иако за ова не сакам да зборувам, меѓутоа патриоти и предавници овде нема, тоа е само политичка игра за да се скрие нешто што некој не го направил, да се скрие нешто ако се нема капацитет тоа да се направи, ако се нема мудрост да се излезе на проблемите во право време и на прав начин и ако имаме отсуство на политички одлуки во прав момент.

Мислам дека во овој период се судруваме со сите овие елементи затоа што не можам поинаку да заклучам затоа што веднаш после Букурешт, тогаш беше старата Влада, истиот премиер, беше излезено во јавноста дека веднаш почнуваат контакти со партии, со експертски личности, со невладини организации за формирање на стратегија. Една недела дена, десетина дена по електронските и пишаните медиуми практично одеше еден период една рубрика на такви контакти и комуникации за да дојдеме до тоа денеска повторно да зборуваме дека немаме стратегија. Ние реално немаме стратегија.

Ова што го понуди господинот Тито Петковски го поздравувам, меѓутоа, тоа не е стратегија, тоа е само обид или основни елементи, заклучоци на кои евентуално можевме да направиме некоја стратегија што во отсуство на било какви елементи на стратегија сепак е колку толку некој позитивен момент.

Меѓутоа, каде е тука нашата активна компонента како земја во овие преговори каде сме доведени во ситуација да мораме да направиме компромис, проблемот е што мораме да направиме компромис. Каде сме тука доведени, а да немаме наша активна компонента, едноставно да сме пасивен елемент во сето тоа, како да се работи за некој трет, а не се работи за нас, како да не се работи за наша држава, се работи за некоја трета држава и така лаконски одговараме на некои работи дека ќе се средат, ќе биде, а други ќе почнат со заговори, меѓутоа, заговорите, ако продолжиме да ги кобиме, можат да ни се случат затоа што просторот за нашето делување станува се потесен и станува се пожежок.

Зошто зборувам за активна компонента. На последната средба се излезе со еден став и тогаш го поздравив Претседателот Црвенковски со тој став нашите преговарачи, бидејки сега немаме еден, имаме двајца, нашите преговарачи пред Нимиц да излезат со став дека не се разговара за ништо до колку не се почитува интегритетот, дигнитетот и идентитетот на македонската нација и на државата Република Македонија вклучително и на сите граѓани.

Меѓутоа, тогаш не заседовме активен став околу ова прашање и добивме понуда или пакет кој го добивме, кој повторно не доведе во една ситуација да ја разгориме оваа дискусија која сега ја имаме. Загрижувачки по мене е што за овој период од деценија и нешто имаме една ситуација или една еволуција која не е правилна односно од нашиот прием во Обединетите нации па натаму имавме една позитивна траекторија каде со маки, со проблеми, транзициски, демократски одевме и се движевме во нагорна линија час поспоро, час побрзо, меѓутоа, стигнавме до ситуација да добиеме кандидатски статус 2005 година, а никој да не го потегне

прашањето за името на државата или да постави услов.

Што е причината ситуацијата да добие свое декречендо и да имаме пад во нашата комуникација со Меѓународната заедница и конкретно во овој спор што го имаме со Грција, односно која е причината за нашето назадување. Верувам дека никој од нас ова назадување не го сака, меѓутоа, тоа не значи дека правилно работиме, а најмногу одговорен за оваа работа е Владата, практично Владата е таа која треба да најде излез од оваа ситуација и да најде решение, да го даде, да го понуди на нас пратениците и граѓаните воопшто и да излеземе од овој ќорсокак. Меѓутоа, во меѓувреме, гледаме дека се подготвуваат некои други работи, се вртат разни трибини, кампањи на разни бизнисмени и т.н. кои се вовед или во некој лош компромис или во некоја нова крштевка која ни се случува, за која јас не сакам да верувам дека ќе ни се случи.

Меѓутоа, за таа работа треба да имаме активно работење на Владата и компромисот да го најде Владата односно тие што не водат, а не оние кои го носат фенерот или го осветлуваат патот. Водачите треба да донесат одлуки.

Зошто го зборувам ова? Затоа што ситуацијата станува покомплицирана и мислам дека ние сме во позиција на механизми кои ни го стеснуваат маневарскиот простор. Мислам дека во овој поглед сите ќе се согласите како да се свртиме на било која страна трпиме одреден притисок помалку или повеќе, а мислам дека и нашите стратешки партнери конкретно САД почнуваат да губат нерви околу нас и мислам дека во овој поглед она што ние го правиме е сами себе си наметнуваме одредена изолација која во овој момент, по мое сфаќање, е суптилна, меѓутоа, пораките се дадени, мислам дека се многу јасни, во некои ситуации дури се прејасни и болат од својата транспарентност, меѓутоа, овие пораки можат да преминат во нешто сосема друго и ние да влеземе во еден реален момент на изолација во кој момент на изолација можеме да извлечеме дебел крај. Дека времето не работи за нас или на наша страна, има многу причини. Она што се случува на Блискиот Исток и она што се случува во Босна не дава простор за нови проблеми на Балканот, а по она како се дефинира проблемот, не како ние го гледаме, туку како го дефинираат проблемот, ние стануваме дел од проблемот на Балканот или дел од дестабилизацијата на Балканот, што е многу лоша теза која почнува да прострујува во меѓународната јавност.

Затоа треба да бидеме попретпазливи и со својот став, својата енергичност, со својата посветеност и сфаќање на проблемите кои се околу нас и дел кои се во нас, а проблемите најмногу се во Владата затоа што Владата е таа што ова треба да го разреши, мислам дека можеме да дојдеме во ситуација многу да изгубиме.

Не смееме да дозволиме да изгубиме она што ни е најдрагоцено, а тоа е да ја изгубиме државата, затоа што можеме да се доведеме во таква ситуација, без разлика што ова некој може да го сфати како закана или било што, јас мислам дека е ова лош начин на умирање на државата, а без државата македонскиот народ тешко ќе го одржи својот идентитет барем за тоа имаме поуки од нашето минато и мислам дека тие поуки треба да не водат, тие поуки треба да ги цениме до бескрај за да не постапиме негативно и да не постапиме погрешно. Државата во овој момент е се што имаме и не смееме да ја изгубиме, затоа што и Хазарите постоеле, има книги за нив, така може да има книги за Македонците дека постоеле и на тој начин да го сочуваме нашиот идентитет, меѓутоа, без држава, ќе не направат едноставно топовско месо, ќе не дезинтегрираат во секој смисол, денеска Хазарите во Авганистан, таму беше Владимир Ѓорчев, знае, ги гаѓаат како зајаци или како глинени гулаби, такви не треба да бидеме Македонците, треба да си ја сочуваме државата и да одиме таму каде ни е местото во евроатланските интеграции.

Се надевам дека е ова еден момент на отрезнување и прифаќање на одредени заклучоци кои ќе ни дадат можност да направиме потрезвена стратегија и да видиме точно како мудро да се извлечеме од оваа ситуација и да добиеме сите затоа што успехот во овој момент на сите ни е неопходен, пред се потребен. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Али Ахмети, повелете.

Теута Арифи, претходно беше договорено дека вие ќе зборувате, но ако сте направиле промена.

Има збор госпоѓа Теута Арифи, повелете.

**Теута Арифи:** Почитуван претседател, почитуван господине премиер, почитуван Претседател на државата, почитувани госпоѓи пратенички, господа пратеници,

Има прашања за кои треба расправа. Има прашања за кои треба став, како што има и прашања за кои треба смелост и политичка снаодливост за решавање на истите.

Спорот во однос на употребата на името ја бележи најновата историја на нашта држава и сега веќе во ова ново време ја штети нашата политичка иднина, регионалната и меѓународната политика и затоа треба да се гради консензус и брзо решавање за да не се изгуби чекорот во однос на историските процеси низ кои поминува нашиот регион.

ДУИ ќе ја подржи предложената резолуција затоа што смета дека е дојдено време да се направат смели политички чекори, чекори кои ги бара ова време. Ние сме рекле и ќе продолжиме да кажуваме дека како Албанци сакаме и треба да бидеме дел од решавањето на овој проблем.Бидејќи се работи за нашата земја, за иднината на нашата заедничка држава, истовремено сме заинтересирани за стабилна и европска иднина на нашата заедничка држава.

Ние покажуваме и сакаме понатаму да покажеме солидарност со нашите сограѓани Македонци во однос на овие чувствителни прашања. На крајот на краиштата Албанците години со ред историски ниту еднаш не спореле некое прашање, барем не ова прашање кое е денеска на дневен ред.

Дозволете исто така да подвлечам и да потсетам дека Албанците во регионални мерки биле и ќе бидат партнери за вистински правилни решенија, рамномерни решенија, партнери кои оваа земја заедно сите нас ќе не водат кон една поубава иднина. Сепак сметаме дека е потребен компромис. Треба да се има смелост да се направи истиот компромис кој би бил прифатлив за двете страни. Не смееме и не треба на ниту еден начин да ја загрозиме нашата евроатланска иднина.

Почитувани колеги, северноатланските интеграции, зачленувањето во НАТО и во Европската унија се нашата единствена алтернатива. Историјата докажува дека балканските народи, но не само тие,ја бранеле државата и државните интереси во текот на историјата со тоа што биле дел од НАТО и Европската унија и нема поинакви примери од оние што ја бранеле со тоа што биле надвор од овие структури. Често пати во текот на историјата малите држави се наоѓале пред дилема,ние треба да докажеме дека можеме да учествуваме во градењето на голема Европа и дека можеме да делуваме глобално без оглед колкави се нашите локални обеми, колкава е нашата големина затоа што постојат други критериуми со кои се мери големината во широките глобални и европски простори кон кои претендираме. Во овој случај ние сакаме да ги повикаме политичките фактори во македонскиот блок, нашите пријатели, нашите почитувани колеги. Апелираме до нив ова прашање да не го користат за дневна политика. Мислиме дека сега веќе се работи за прашања кои одамна ги има надминато партиските и локалните граници и бара зрелост, потребна политичка и дипломатска зрелост. Оваа сила треба да ја најдеме затоа што последните моменти не доаѓаат секогаш и на крајот ја повикуваме грчката страна да рефлектира и да гради начела на добрососедство заснивајќи се врз овие начела да го помогнат проширувањето на НАТО и на Европската унија.

Повикуваме да ги подржи своите соседи во зачленување на овие меѓународни организации затоа што во тој случај ќе победи регионот, ќе победи добрососедството, демократијата и начелата за кои се ангажираме сите ние, истовремено победува и можноста на политичката смелост, на лидерите и државите кои успеале да изградат високи начела врз кои се повикува денес целиот демократски свет. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван Претседателе на Република Македонија, почитуван премиере, почитувани колеги пратеници,

Добро е денеска што еве конечно се одржува оваа собраниска седница и добро е што пред очите на целокупната македонска јавност, секако и на пошироката јавност ќе можеме да ги искажеме своите мислења и ставови околу едно многу важно прашање за иднината на Република Македонија.

Непотребно изгубивме многу време во изнаоѓање на аргументации за и против оваа собраниска седница. Но, добро е на крајот што еве стигнавме до неа имаме можност да говориме по ова важно прашање.

Токму заради тоа што досега во нашата политичка јавност немаше отворена расправа по ова прашање, токму заради тоа ние во моментов можеби сме најподелени и најраскарани за ова прашање за кое што навистина не смееме да си го дозволиме тоа.

Почитувани колеги, за најважното прашање кое што ја тангира Македонија во моментов, од кое што и самиот премиер Никола Груевски вели дека зависи европското интегрирање и НАТО интегрирање на Република Македонија, ние како држава во еден клучен период за периодите немаме заедничка стратегија како после Букурешт ниту пак заеднички усогласен став.

За разлика од нас премиерот и министерот за надворешни работи на Грција редовно го известуваат Грчкиот парламент до каде се преговорите и од сите свои пратеници без оглед дали се позиција или опозиција бараат поддршка.

Досега нашиот Парламент ниту еднаш ниту од премиерот Груевски, ниту од македонскиот министер за надворешни работи, господинот Антонио Милошоски не сме информирани за преговорите по ова прашање.

Затоа денес, ниту еден од 120 пратеници во овој Парламент не треба да има ниту минимум дилема дали треба да се разговара и да се расправа по ова прашање и секако дали е време да се расправа. Јас мислам дека секогаш е време да се расправа за важните прашања.

Ние особено треба во овој момент умно и рационално како држава да ја искористиме поддршката на сите наши партнери особено поддршката на САД и администрацијата на актуелниот претседател Џорџ Буш, кој е на заминување а вложува огромни напори да изнајдеме фер и разумен компромис за решавање на спорот за името пред ратификација на членството на НАТО алијансата на Хрватска и Албанија, но нажалост не и за Македонија.

Членството на Македонија во Европската унија и НАТО е обврска и за СДСМ и за ВМРО-ДПМНЕ и за ДУИ и за ДПА, но и за сите останати политички партии кои што се во овој Парламент и надвор, затоа што 90% од граѓаните на Република Македонија го бараат тоа. Ако го

бараат тоа од нас, а ние сме нивни претставници нормално е дека немаме друг избор.

Затоа почитувани колеги очекувам пред се и над се после оваа седница да нема победници и поразени. Не треба да се поделиме после оваа седница на поголеми и помали патриоти, а секако најмалку на предавници.

Треба да разговараме отворено, да ги анализираме сите наши потези, да ги воочиме сите грешки за да не ни се повторуваат.

А што ни се случи почитувани колеги изминатите 20 месеци. Што ни се случи за да сите оние кои ја поддржуваа нашата позиција во спорот со името оддеднаш да го сменат своето мислење и заради неодговорната политика на оваа Влада да почнат да не критикуваат и да не оценуваат како неразумни. Дури како држава се соочуваме со фактот дека после тригодишна пауза меѓународната кризна група повторно се враќа да работи во Република Македонија. Повторно со нов извештај после 2006 година.

Би сакале само да ве потсетиме на ставовите на Питер Палмер, директор на кризната група за Балканот под чија директна супервизија се дравтуваше извештајот за Македонија. Тој пред два дена за еден наш медиум изјави дека е многу важно македонската влада да се однесува со максимална одговорност и зрелост. Дека треба да избегнува било какви безмислени, повторувам безмислени провокации кон Грција мислејќи тука на инсистирањето на Владата на Никола Груевски и ВМРО-ДПМНЕ на континуитетот меѓу модерна и Античка Македонија. Заклучокот секако го оставам на самите граѓани.

Во 2006 година во предизборната кампања пред митингот на ВМРО-ДПМНЕ во Прилеп градоначалникот на Градскиот плоштад постави бронзена статуа на Александар Македонски.

Во 2006 година во декември Владата донесе историска одлука за преименување на Скопскиот аеродром во Александар Велики, што не само што не беше логично и ситно провокативен потег, туку беше едноставно смешно и лицемерно на аеродром кој што се наоѓа во ваква слаба кондиција да му се даде име на толку голема историска личност.

Сакам тука да потенцирам дека и СДСМ целосно го разбира значењето на античката историја, но сметаме дека не е време за вакви потези, со ваков нерационален пристап од единствено ситно, со провокативни побуди, а се со една цел да се гради рејтинг, а намерно да се влошува положбата во преговорите на Република Македонија.

Во исто време сакаме да веруваме дека Владата свесно негира се што е Словенско, а е нераскинлив дел од македонската историја.

По два месеци, во март 2007 година Владата постави антички склуптури пред влезот на Владата и во тоа време во извештајот напредокот на Република Македонија од 6 ноември 2007 година Европската комисија оцени дека преименувањето на Скопскиот аеродром е провокација од наша страна и е против духот на привремената спогодба од 1995 година.

И генералниот секретар на Јап НАТО и Јап Деполт Шефер ја повика Владата да се воздржи од било какви провокации. Но и тоа не беше доволно и Владата на Никола Груевски да се отрезни, туку продолжи.

Само неколку дена пред НАТО Самитот во Букурешт, на 30 март 2008 година во Скопје осамна билборд, слика со грчко знаме и кукаст крст во позадината како насловна слика за уметничка изложба. Секако тоа беше поддржано од Културно информативен центар, кој што го води на ВМРО-ДПМНЕ.

Така почитувани колеги сакам само да кажам дека во Република Македонија започнаа два паралелни процеси. Владата на ВМРО-ДПМНЕ да прави популистички потези за добивање на поени, а грчката дипломатија користејќи го овој потег на Владата да ја претстави Република Македонија како неконструктивна, постојано провоцира и ја крши привремената спогодба.

Едноставно стана нејасно која е целта на оваа Влада на ВМРО-ДПМНЕ во преговорите. Да има или да нема решение за името. Навистина има многу непознаници во однесувањето на македонскиот премиер во овие преговори. Со своето однесување откако дојде на власт како да прави се само да нема договор со Грција и веројатно тогаш е најсреќен и најпопуларен.

Наместо да ги промовираме европските вредности во нашата земја премиерот Никола Груевски како две години да не подготвува за изолација. Секојдневно сме бомбардирани со кампањи кои не убедуваат дека сме Македонци, како тоа и сами да не го знаеме. Дали вистинскиот патриотизам е да отвораш нови работни места, да го подобруваш животот или да поставуваш статуи и да правиш кампањи на товар на се посиромашниот народ.

Битката за Македонија, за нашиот национален идентитет не се добива ниту со билборди, ниту со кампањи, туку таа се добива со дипломатска мисија во Вашингтон, Брисел и Берлин.

Во последниве две години кога треба да водиме интензивна дипломатска офанзива можеме на една рака да изброиме колку лидери на земји се сретнале со нашиот премиер. Ниту една од тие средби не беше со некој од лидерите на водечките европски земји.

Истото се случи и со ставот на македонскиот премиер за двојната формула која одамна веќе не е реалност. За разлика од вашите ставовите на СДСМ секогаш биле исклучок. Без исклучок биле во допир со реалноста. До Букурешт двојната формула беше став на СДСМ во преговарачкиот процес за името под покровителство на Обединетите нации и медијаторот Метју Нимиц.

Иако ја критикуваше како пристап во преговорите, патем тоа го правеше сите изминати години и за

привремената Спогодба 1995 година ВМРО-ДПМНЕ ја прифати како своја.

За потсетување, во октомври 2005 година Никола Груевски како тогашен шеф на опозицијата беше единствениот кој заедно со Грција го одби предлогот на Нимиц, кој беше најблиску до модифицирана двојна формула.

Овој предлог на Нимиц предвидуваше времено решение за замена на привремената референца БЈРМ со Република Македонија испишано со латиница до 2008 година, по што согласно таквиот предлог веќе денес ќе се користеше англиската транскрипција на името. СДСМ овој предлог го оцени како добра основа за понатамошни разговори. Двојната формула за жал не е веќе реалност, Македонија и Самиот премиер Никола Груевски ја напушти двојната формула на Самитот на НАТО во Букурешт кога го прифативме името Република Македонија Скопје, како замена за референцата БЈРМ.

Факт е дека и тоа не беше доволно. Грција со својата апсурдна политика ја одигра најекстремната карта и стави вето на премиерот на Македонија во НАТО. Сега Владата на Груевски и ВМРО-ДПМНЕ мора да се однесуваат според реалноста, а не да кажуваат приказни или да читаат страници од своите предизборни програми.

Заради државните интереси, заради отстранување на опасноста со едно несериозно однесување да ја ставиме Грција во поповолна положба потребно е во Собранието на Република Македонија да изградиме заеднички став, усогласен став, стратегија за тоа како понатаму во преговарачкиот процес. Со тоа да ја засилиме нашата позиција во интерес на добивањето на што поповолна позиција за решавање на спорот со името. Премиерот и Владата како и секогаш бегаат од одговорност. Тие се однесуваат како да се во опозиција.

Почитуван господине премиере, распишавте предвремени избори, баравте 61, добивте 64 пратеници. Заедно со ДУИ имате мнозинство и тоа 2/3 мнозинство. Можете и морате да донесете одлука. Од тоа не може да избегате. Со ваков пристап ако воопшто ја донесете вие сте одговорни каква е таа. Ако не ја донесете вие сте директно одговорни што Република Македонија нема да влезе во НАТО и во Европската унија и ќе биде изолирана и сиромашна.

Затоа е потребно да се водат вакви дебати. Денешната седница е одличен повод по најкрупното прашање да демонстрираме единство. Да го дефинираме нашиот пристап по Самитот во Букурешт кога имаме нова и променета реалност.

Слушаме дека премиерот вели Македонија може без Европската унија и НАТО. Можеме да чекаме 5, 10, 15 години, тоа е катастрофално погрешно. За нас нема друга алтернатива. Нема алтернатива на концептот Македонија без Европската унија и НАТО. Конечно треба и ние и граѓаните да дознаеме кој е алтернативниот концепт на премиерот.

Македонија по Самитот на НАТО во Букурешт се соочува со нова сурова реалност. Надвор сме од НАТО, далеку сме од датум за преговори. Во меѓувреме Владата ја искомплицира ситуацијата со непотребно и лошо организирани избори, со партизација на судството и државна администрација, со неспроведување на реформите.

Со СДСМ Република Македонија беше европски матурант. Вие почитувани неодговорно се однесувавте и ја вративте Република Македонија назад во прво одделение. Како држава се доведовме во ситуација Брисел да го потценува основниот демократски капацитет на државата. светот го потресува голема криза. САД и Европа се повеќе ќе се свртуваат кон внатрешните финансиски проблеми и други приоритети. За тоа време Македонија ќе остане во некаква сива зона, а нејзините граѓани ќе живеат во се поголема изолација и сиромаштија.

Почитувани колеги,

Бидејќи ми е кратко времето сакам да кажам дека дополнително СДСМ поддржува референдумско изјаснување на граѓаните на Република Македонија за предлог кој ќе биде прифатлив за државниот политички врз и за чие прифаќање отворено и без тактизирање ќе лобираат сите политички партии од позиција и опозиција.

СДСМ е подготвен да помогне во преговарачкиот процес. Апелираме до македонската и грчката влада да се вразумат, да не мислат толку многу на сопствените рејтинзи во домашната јавност, да покажат храброст и лидерство.

Најстро ги осудуваме сите испади на ефтини средновековни национализми. Историјата не познава политичари кои играле на сигурно, историјата познава храбри и одважни лидери.

Република Македонија не е за секакво решение. За нас прифатлив е само фер и разумен компромис, кој недвосмислено ќе го гарантира македонскиот национален и културен идентитет, македонскиот јазик и посебност.

Затоа добро е што денес се одржува оваа седница. Добро е конечно македонскиот премиер да не извести нас граѓаните до каде сме со преговорите за спорот со името и што мисли да стори за да го реши најклучното прашање од кое и самиот вели дека зависат евроатланските интеграции на државата.

Ако не мисли да го решил спорот со името, ако решил да го прекине преговарачкиот процес треба и нас и на граѓаните да ни каже кој е неговиот алтернативен концепт за Република Македонија. Како мисли без Европската унија и НАТО да обезбеди доголрочна безбедност и стабилност на Република Македонија, безвизен режим, да ја подобри македонската економија, да привлече инвеститори, да отвори нови работни места и да го подобри животниот стандард на нашите граѓани.

На крајот сакам да го кажам ставот на СДСМ.

СДСМ ќе ја поддржи резолуцијата која што денеска е на дневен ред. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе,

Почитувани дами и господа, почитувани колеги.

На самиот почеток од моето обраќање сакам да го искажам огромното задоволство што денеска ја имаме можноста во Парламентот на Република Македонија да дебатираме на тема: Резолуција за изнаоѓање на стратегија за наметнатиот спор од страна на Република Грција за нашето уставно име.

Оваа точка, резолуцијата е од извонредно значење за националните интереси на Република Македонија и затоа што имаме можност преку дебата, преку разговори и еден конструктивен пристап да изнајдеме начин во нашата држава да се изгради една консензуална политика и една стратегија поврзана со наметнатиот проблем со името.

Консензусот што го постигнавме денес на координација за текстот на резолуцијата е многу добар почеток. Би сакала да акцентирам дека успехот на оваа седница, дебатата која што ќе се води како и резултатите кои што ќе произлезат од неа зависи од пристапот на сите политички субјекти во Парламентот. Пристап кој ќе се раководи исклучиво од националните интереси на државата, а ќе биде имун од дневно политичките интереси и краткорочните политички поени.

Кога зборувам за потребата и позитивниот пристап од разгледувањето на ова прашање во законодавниот дом не можам а да не забележам дека ефектот од одржувањето на ваква седница, но и водењето на јавни дебати, како и средби помеѓу релевантните политички субјекти во насока на градење на адекватна позиција ќе беше далеку поголем доколку дебатата и градењето на стратегијата се случеше многу многу порано.

Се работи за прашање кое е старо 17 години. 17 години никој од политичките актери кои во тој период имаат одлучувачка улога во целиот овој процес, а голем дел од нив сеуште се активни на политичката сцена не го покренаа процесот на јавна дебата за градење на консензус и стратегија на државата за овој наметнат спор. Тоа не го сторија иако во овие 17 години се случија низа важни настани поврзани со ова прашање, како блокади, промена на нашето знаме, промена на нашето уставно име, прифаќањето на привремената референца, извршените уставни промени и слично, не можам а да не си го поставам прашањето дали нашата држава ќе се наоѓаше во иста позиција во која што се наоѓа денес доколку навреме започнеше целиот овој процес поврзан со градењето на националната стратегија по однос на ова прашање.

Сето тоа укажува и не доведува до еден заклучок дека и покрај ваквиот развој на настаните во изминатите 17 години, прашањето со името не било третирано на адекватен начин. Тоа укажува на отсуството на било каква стратегија, што би требало да ја изградат државните институции и луѓето кои раководеа со нив и кои, во најголемиот период, ја имаат одговорноста за решавање на ова прашање.Укажува на отсуство на обиди за градење на национален и државен консензус по ова прашање, врз основа на што ќе ги градиме нашите позиции во меѓународната заедница и во преговорите со Грција.

Укажува на една голема пасивност на македонската страна во истите тие преговори, без суштински обиди, за подобрување на нашата преговарачка позиција. Укажува на отсуство од вистинска и посветена активност на македонската дипломатија во меѓународната заедница и напори за објаснување на нашата позиција и создавање на партнерствасо државите што би ни помогнале во целокупниот процес на разрешување на ова отворено прашање.

Како поткрепа на овие мои констатации, само би го спомнала фактот што во минатото, тогашниот државен врв постојано не убедуваше дека двојната формула е вистинската позиција на Република Македонија, дека тоа е “црвената линија” од која по никоја цена не смееме да отстапиме и дека времето работи за нас. Како оправдување за непреземените суштински мерки.

Денеска, од страна на одредени политичари ваквата позиција се оценува како исклучително штетна. Како штетна по националните интереси и како став што нашата земја ја води директно во изолација. Што, патем кажано е несериозно, односно е целосно неточно и е само обид за нивна политичка дискредитација на Владата и ништо повеќе.

Си го поставувам прашањето кога ја зборуваа вистината за двојното прашање? Во изминатите 17 години или денеска? Беа за двојната формула, да по некое време не убедуваат дека би било добро да се прифати политичка одредница, како дел од ново сложено име, за понатаму да не убедуваат дека може да се прифати и географска одредница.

Ако на ова се придодадат сите претходни отстапки што Република Македонија ги направи во овој конктекст: промена на Устав, воведување на референцата БЈРМ за што не убедуваа дека ќе трае два месеци, промена на државното знаме, уставните измени и тн., ќе ни стане јасно дека преговорите, од самиот нивен почеток навистина се воделе без стратегија и дека се воделе од денес за утре, а не со визија и перспектива.

Ставете се на местото на Република Грција. Дали, ако гледа раскарани и попустливи политичари ќе брза за договор? И дали со

пораките на попустливост, што до денеска не можеме да ги разбереме, не ги рушиме преговарачките позиции, и кој знае од што мотивирани, не им даваме до знаење на Грците дека нивната тактика со притисок и уцена фактички им успева.

Дури и да ја прифатиме денешната аргументација на либералните политичари во Македонија, не можеме а да не се запрашаме зошто тогаш таквите штетни тези ни ги пласираа на сите нас во изминатиот период и како одеднаш настана таквиот пресврт во нивната аргументација и таквото драстично извртување на тезите?

Денеска сме сведоци на еден сосема различен пристап кон прашањето на името од страна на оваа Влада, со која, ќе потенцирам, пред две години за прв пат се соочи со овој проблем и со сите рецидиви што се резултат на многу погрешно водени политики во минатото. И покрај тоа, може да се забележи еден сосема различен пристап, активност и заложба за заштита на националните интереси на Република Македонија. Сите оние постапки и процеси поврзани со прашањето и со името што во минатото отсуствуваа, сега се одвиваат со засилена динамика.

Секојдневно сме сведоци на активен пристап во процесот наместо препуштање на тезите дека времето работи за нас. Има чести координативни средби каде се прават обиди да се изгради кохерентна национална позиција. Засилено учество во преговарачкиот процес, проследено со интензивна дипломатска активност. Објаснување на прашањето и сите консеквенции што од него произлегуваат пред македонската јавност и конечно, воведување на референдумот како врвна придобивка на демократијата, преку кој секој еден граѓанин ќе има можност да се произнесе за било каков предлог што би можел да претставува решение за ова прашање.

Во истиот контекст ја гледам и денешната седница на Собранието на Република Македонија посветена на прашањето со името. Како еден обид да се изнајде стратегија на државата по однос на ова прашање во актуелната констелација, но и како пресвртница во понатамошното дејствување на сите политички субјекти во периодот што претстои по однос на оваа исклучително сензитивна тема.

Адекватното решавање на проблемот со името, засега многу прашања што претставуваат едни од носечките столбови на нашата држава. Затоа, ова прашање мораме да го разгледуваме целосно, севкупно, како во одос на причините за неговото настанување, така и за актуелната констелација поврзана со сите субјекти на меѓународната сцена што се инволвирани во неговото решавање.

Но, најважно од се, мораме внимателно да го разгледуваме секој еден аспект од евентуалниот предлог што би можел да претставува некакво решение и за што потоа граѓаните би се изјасниле на референду. При ваквата опсервација не треба да биде опфатено единствено прашањето за зачувување на националниот идентитет и засебност туку апсолутно и подеднакво е важно и името на нашата држава.

Тоа особено мораме да го имаме предвид, затоа што со секој обид за давање на паушални оценки во однос на овие прашања може да се нанесе ненадоместлива штета на целиот процес на преговори и нашата позиција во нив.

Би сакала да апелирам, во овие предизвици што се наоѓаат пред нас дека треба да се обединиме без разлика на партиска, верска, етничка или било која друга припадност, без разлика на личните односи. Мора да се обединиме, да се сплотиме зад заедничката историја, зад идеалите на нашите предци, за иднината на нашите деца.

Затоа, во име на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата “За подобра Македонија” ги повикувам сите политички партии, интелектуалци, здруженија, организации, сите граѓани на Република Македонија да застанеме цврсто, да застанеме заедно зад она во кое што сите веруваме. Само ако сме сплотени ќе ја оствариме нашата цел. Но, ако сме разединети, само ќе паднеме пред тестот на историјата, затоа што одговорноста што ја носиме како индивидуи денеска е ставена на тест. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор претседателот на Република Македонија, господинот Бранко Црвснковски, повелете.

**Бранко Црвенковски:** Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани пратеници,

Ја подржав иницијативата за одржување на оваа седница и прифатив да учествувам во нејзината работа затоа што сметам дека е корисна секоја идеја, секој предлог и напор насочен кон изградба најширок консензус и државно единство во однос на надминување на спорт со Грција и деблокирање на нашите Евро и Евроатлански интеграции. Уште повеќе ако таа иницијатива и расправа се реализира во највисокиот законодавен дом, Собранието на Република Македонија што дава посебен легитимитет и неопходна транспарентност пред целата македонска јавност.

Основната идеја на предлагачите на Резолуцијата е дека ни е неопходна државна стратегија за решавање на спорот со Грција околу употребата на името на нашата држава.

Јас би прецизирал, потребна ни е нова државна стратегија во однос на ова прашање. Зошто? Затоа што во изминативе години Република Македонија имаше стратегија која што, од разбирливи причини не беше никогаш целосно јавно објавена, но кон која се придржуваа сите досегашни влади и претседатели на државата без разлика на нивната партиска припадност. Стратегија што беше функционална и даваше резултати.

Кои беа основните принципи на тој концепт?

Прво, во преговорите под покровителство на ОН активно учествувавме, но нашата позиција секогаш остануваше иста и непроменлива. А тоа е тн., двојна формула. Тоа значи употреба на Уставното име Република Македонија за цел свет, за сите меѓународни организации и во билатералните односи со сите земји, а компромис може да се бара единствено за билатералните односи со Република Грција.

Второ, паралелно да се работи на постојано зголемување на бројот на земји што го признале нашето уставно име и на тој начин да го јакнеме сопствениот политички капитал на меѓународен план што ќе ни биде потребен за следните фази од процесот.

Мора да се констатира дека на овој план бевме исклучително успешни. Со постојан ангажман дојдовме до бројката од преку 120 држави членки и три од петте постојани членки на Советот за безбедност на ОН што го признаваат и употребуваат нашето уставно име на билатерален и мултилатерален план.

Во еден период направивме значаен исчекор и кај некои од најзначајните членки на Европската унија. На пример, Германскиот парламент донесе Резолуција со која и препорача на Германската влада да го признае уставното име на нашата земја. Истото го направи и Комитетот за надворешна политика на Британскиот парламент.

Трето, процесот на меѓународно етаблирање и интегрирањето во сите меѓународни организации го реализиравме, секаде каде што тоа е можно, под уставното име. А таму каде што, било заради спротивставувањето на Грција, било заради тоа што се работи за организација под чадорот на ОН, користејќи ја Времената спогодба од 1995 година и под времената референца Поранешна Југословенска Република Македонија.

Во однос на НАТО и Европската унија, имајќи го во предвид членството на Грција во овие структури и нејзиното право на вето при прием на нови членки, планот беше нашето напредување се до полноправното членство да се одвива со времената референца.

Според овој концепт, вистинскиот момент за разрешување на спорот со Грција требаше да се случи тогаш кога Македонија ќе биде целосно интегрирана во НАТО алијансата и Европската унија. Значи тогаш, кога ќе бидеме целосно рамноправни и кога ќе ги имаме истите можности и механизми на располагање како и Грција и кога самиот прием не може да биде искористен за уцени и условувања.

Овој план бараше многу подолг период за реализација, голем ангажман надвор од самиот процес на преговори, но во исто време нудеше максимален резултат како финално решение од аспект на нашите национални и државни интереси. Се разбира, ваквата стратегија не исклучуваше и евентуално решавање на спорот порано, доколку во текот на преговорите добиевме предлог кој од наша страна ќе биде оценет како достоинствен и прифатлив.

Да ве потсетам дека во октомври 2005 година ние од медијаторот Нимиц добивме предлог кој што го прифативме. Да нема недоразбирање тогашната опозиција не даде своја поддршка. Тогаш е предлогот во одреден период да се користи името Република Македонија без транскрипција на англиски јазик, а потоа како трајно решение уставното име со нормална транскрипција. За жал, Грција тој предлог го одби.

Почитувани пратеници, зошто денес оваа стратегија повеќе не функционира и зошто ни е потребна во оваа платформа за решавање на овој за нас исклучително значаен проблем. Затоа што, после Самитот на НАТО алијансата во Букурешт имаме сосема друга реалност, радикално променети околности кои бараат нов поинаков пристап. Имено, во Букурешт Грција грубо спротивно на сите меѓународни принципи и стандарди ја прекрши и ја стави вон сила времената Спогодба од 1995 година. Спротивно на член 11 од оваа Спогодба, таа го злоупотреби своето право на вето и го оневозможи нашиот прием во алијансата. Заради ваквото насилничко кршење на меѓународното право и взаемно прифатените обврски ние можеме да покренеме одредени постапки пред Обединетите нации или меѓународните судови. Јас сметам дека овие опции треба сериозно да се разгледаат. Но, во исто време треба да бидеме целосно свесни дека тоа нема да го реши нашиот прблем со блокадата на нашето зачленување во НАТО и повторување на истото сценарио со Европската унија. Во членството на овие организации не се влегува со резолуција на ОН или со судска пресуда туку со консенсуална одлука на сите нивни членки, вклучително и на Република Грција. Што е уште позначајно самата алијанса во својот заклучок од Букурешт индиректно го верифицираше ставањето на Спогодбата од 1995 година вон сила. Имено, во него, се вели дека поканата за членство ќе ви биде упатена тогаш кога ќе биде постигнат взаемно прифатлив компромис за спорот помеѓу Македонија и Грција. Значи, тогаш и само тогаш.

Која е новата реалност со која се соочуваме денес.

Прво, како што веќе претходно спомнав, времената спогодба од 1995 година како механизам кој до сега ни овозможуваше пропулзивност во процесот на нашите интегрирања во НАТО и Европската унија е вон сила, надвор од употреба. Начинот на кој досега ги минувавме скалилата, како на пример Партнерството за мир, Спогодбата за стабилизација и асоцијација или добивањето на кандидатскиот статус за членство во Европската унија повеќе не функционира.

Второ, членките на алијансата, вклучително и нашите најголеми поддржувачи и пријатели застанаа зад решавањето на спорот и

постигнувањето на компромис како единствен начин за наше интегрирање во НАТО.

Трето, потполно истата ситуација, дури и во поригидна форма ќе ни се наметне и во процесот на нашето интегрирање во Европската унија. Имено, влијанието на Грција во Унијата е поголемо, отколку во НАТО алијансата. Одредени членки демонстрираат силна солидарност со нејзините позиции, а не треба да се сомневаме дека и скептицизмот кон проширувањето на некои од државите членки ќе има свое влијание.

Четврто, зад двојната формула како можен компромис за решавање на спорот ние немаме ниту разбирање, ниту поддршка од ниту една земја членка на алијансата или унијата. Напротив, таа позиција сите, вклучително и нашите најголеми поддржувачи и пријатели ја сметаат за позиција со која се опструира односно прекинуваат преговорите од наша страна. Тоа е сосема јавно, јасно и експлицитно ни е соопштено и тоа е нешто со што треба да биде запознаен и овој Парламент и целокупната македонска јавност. Патем речено, никој во меѓународната заедница немаше и нема разбирање и за низа наши постапки и потези направени во изминатите две години, од кои ние немавме никаква корист, а Грците ги користеа против нас како оправдување за нивното кршење на времената спогодба. Со други зборови безпотребно ги изгубивме симпатиите и поддршката која што до тогаш ја имавме.

Петто, пред Букурешт со прифаќањето на предлогот Република Македонија (Скопје) и од наша страна беше напуштена двојната формула. Евентуалниот подоцнежен референдум ќе беше само потврдување или отфрлање на претходно дадената согласност и донесена одлука на извршната власт.

Почитувани пратеници, како еден од аргументите со кој се образлагаше во јавноста иницијативата за свикување на оваа седница и предложената резолуција, беше и потребата од надминување на разликите и постигнување на единство околу ова прашање во државата и посебно во државниот врв.

Наполно се согласувам со сите јавно упатени критики во изминатиот преиод, кои предупредуваат на штетите кои се нанесуваат на државните интереси, со демонстрирањето на различни ставови меѓу мене како претседател на државата и господинот Груевски како премиер, претседател на Владата на Република Македонија, во однос на пристапот кон преговорите и начинот на надминување на спорот.

Ваквата ситуација мора да се надмине и тоа час поскоро.

Сметам дека првиот чекор кон надминување на разликите, е да се идентификуваат причините за тие разлики и да се одговори на прашањето кој пристап овозможува најголема заштита на нашите национални и државни интереси.

Тврдам дека основната разлика меѓу мене и премиерот Груевски не е во пристапот и целите во преговорите за надминување на спорот со Грција, туку во степенот на важност и приоритет кој ги даваме на интегрирањето на Република Македонија во Европската унија и НАТО алијансата.

Јас тврдам дека за иднината на Македонија нема, ниту пак може да има сериозна алтернатива на Евро и Евроатланското интегрирање на Република Македонија.

Премиерот Груевски тврди дека Владата има алтерантивен концепт за иднината, во случај земјата да биде подолг временски период блокирана во свиоте евроатлански аспирации.

Јас трвдам дека без јасна и извесна ЕУ и НАТО преспектива, можеме да говориме само за политики за преживување и опстанување.

Тој тврди дека и без НАТО и ЕУ членство, може да се обезбеди сестран економски, демократски и општествен развој на Република Македонија.

Премиерот Груевски тврди дека Македонија, заради одбрана на своето уставно име за меѓународна употреба може и треба да чека во статус кво во ситуација во следните пет, а можеби и десет години.

Јас се согласувам со тоа, но само ако претходно знаеме што е тоа што ќе го чекаме и колкава е извесноста тоа да се случи. Дали ќе чекаме во Грција да дојде некоја идна власт, која ќе биде многу поразумна и пофлексибилна, во однос на ова прашање. Знаејќи ги ставовите на политичките партии и од власта и од опозицијата кај нашиот сосед, дали веруваме дека тоа е воопшто можно. Или пак ќе чекаме начинот на одлучување за прием на нови членки во НАТО и ЕУ, да се укине правото на вето. Нели ви се чини дека е многу поверојатно и после десет изгубени години и живеење ви изолација, загрозена економска иднина и политичка стабилноста, повторно да се соочиме со истиот проблем и повторно да мораме да седнеме и преговараме со Грција, да се дојде до компромис, со кој ќе се реши спорот. Се разбира, во меѓувреме целосно самите ние ако не се отажеме од НАТО и ЕУ, или пак што е исто така веројатно тие да не дигнат раце од нас.

Почитувани пратеници, ова се основните разлики помеѓу нас од кои потоа сосема логично се создаваат и разликите кои ги демонстрираме и во процесот на преговорите, кои се водат под посредништво на медијаторот Нимиц.

Ако тргнеме о д тоа дека нашето интегрирање во НАТО алијансата и ЕУ е највисок приоритет на нашата земја, тогаш станува сосема јасно дека во преговорите треба да учествуваме активно и да се обидуваме да дојдеме до разумен компромис. Тоа значи дека оние делови од дадените предлози со кои не се соглауваме, треба низ преговори и дадени измени од наша страна да ги модифицираме. Треба да имаме јасна слика за тоа кои прашања за нас се од највисок приоритет и без чие јасно дефинирање

не м ожеме да дојдеме до взаемно прифатлив компромис, а кои прашања се битни. Треба да се обидеме да ги направиме што е можно поприфатливи, но сепак, се со помал приоритет.

Според мене клучното прашање е дали на крајот ќе добиеме предлог пакет во кој имаме јасна, недвосмислена дефиниција за столбовите на македонскиот национален идентитет. Именувањето на нашиот јазик и народ како македонски. Ако тоа го добиеме, сметам дека се развива низ тешки и долги преговори по другите делови од пакетот, сепак, можно е решавање на спорот. Можно е деблокирање на нашето евро и ервоатланско интегрирање. Се разбира, секогаш на крајот постои опасноста дека заради непопустливоста на Грција и поставувањето на услови од нивна страна, кои ние не можеме да ги прифатиме, целиот процес ќе заврши неуспешно. Но, тогаш мора да ни биде јасно дека од наша страна е се направено, дека совеста ни е чиста и дека одговорноста оди исклучиво на другата страна на ардресата на Република Грција. Но, почитувани пратеници, двојната формула како позиција со кој се предлага да се оди во Њујорк од страна на премиерот и Владата, не е позиција за преговори, не е позиција со која се обидуваме да дојдеме до за нас прифатлив компромис, туку како што веќе претходно спомнав и како што реков дека ни е многу јасно соопштено од сите, вклучителни и од нашите најголеми пријатели, се смета за позиција со која преговорите се укинуваат, или во најмала рака се замрзнуваат на подолг временски период.

Од страна на претставници на Владата во некоклу наврати во изминатиот период беше јавно соопштено дека желбата на Грција, намерата на Грција е преговорите да пропаднат, а вината да биде префлена на наша страна. Тогаш зошто го правиме токму она што Грција го посакува. Јас одговор на ова прашање се уште немам.

Почитувани пратеници, и покрај уставните надлежности, кои претседателот ги има во надворешната политика, сепак, Република Македонија е парламентарна демократија. Секоја одлука за едно вакво исклучително прашање, на крајот мора да биде донесена во ова Собрание, па дури, и да е одлука за распишување на референдум. Во ова Собрание има парламентарно мнозинство кое што владее, има парламентарно малцинство, кое што е во опозиција. Господинот Груевски е тој кој што ја има подршката и кој што ја има контролата над парламентарното мнозинство. Значи, само одлука без разлика каква ќе биде, дали ќе биде продолжување на преговорите, доаѓање до компромис, прекинување на преговорите, излегување од процесот, само одлука зад која ќе стои господинот Груевски, може да биде спроведена и одобрена од ова Собрание. Тоа е голема моќ, но тоа е уште поголема одговорност. Со таа одговорност ќе мора да се соочи. Од мојот дел од одговорноста, јас не бегам. Како што можете да видите, јавно и отворено говорам за што се залагам и што е според мене најдобро за иднината на нашиот народ и нашата држава. При овој однос на сили во Парламентот, тоа е се што можам да направам. Јас овој проблем без согласност на господинот Груевски не можам да го решам. Тој може. Со цел да се прекине оваа несериозна ситуација која што веќе се користи и од грчка страна, како аргумент против нас за постоење на два преговарача, на два става, на одвоени средби, на посебни консултации. Сакам да ве информирам дека донесов одлука да му престане мандатот на наш претставник во преговорите, на амбасадорот Никола Димитров.

Согласен сум во наредниот период, таа улога да ја има господинот Мартин Протуѓер. Исто како што сум согласен да разгледам и евентуално друго кадровско решение, предложено од страна на премиерот Груевски.

Почитувани пратеници, точно е дека на Македонија и е потребен консензус и државно единство во процесот на решавање на овој спор. Но уште поважно е на која платформа и за остварување на кои цели, тоа единство ќе се изгради. Ако дефинираме погрешни цели и приоритети, од тоа единство нема да видиме никаков аир, никакво добро. Тоа единство нема да биде единство за успех, туку единство во пораз. Јас длабоко верувам дека оваа политика за која се залагам е политика која на вистински начин ги штити нашите национални и државни интереси. Но, се разбира, конечниот збор го имате вие, а пред се, парламентарното мнозинство, Владата и премиерот Груевски. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Никола Груевски, повелете.

**Никола Груевски:** Почитуван претседател на Собранието на Република Македонија, почитувани пратеници,

На почетокот дозволете ми да ви се заблагодарам за поканата, да се осврнам на прашањето за името, токму овде во Парламентот во својство на претседател на Владата на Република Македонија. Иако е малку чудно, сепак е вистинито што Парламентот дури по 17 години независност и постоење на овој Парламент, но и по 17 години проблематизирање и негирање на името од страна на Атина, како и третирање на истото прашање од Меѓународната заедница, пред се од Организацијата на обединетите нации, македонскиот Парламент прв пат разговара за градење на стратегија за ова прашање. Значи, за јавноста би потенцирал дека предложената резолуција не содржи предлог стратегија, туку е резолуција која вели дека во иднина треба да изградиме ваква стратегија, по 17 години.

Јас со ова прашање активност е занимавам две години, од есента 2006 година, кога станав премиер, но познавам луѓе, политичари, кои цели 17 години се занимаваат со ова прашање.

Преговараат, разговараат, носат одлуки, заклучоци, коментари, критики, а дел од нив дури денес се сетија дека немало стратегија на Парламентот. Сепак , по силата и притисокот на функциите, претседател на држава, Парламент, министер за надворешни работи, премиер и други, одреден број на луѓе, во изминатиот период низ годините делувале по ова прашање кое и ден денес не е решено. Од пред две години, заради функцијата премиер и јас сум повикан да се занимавам со ова прашање и во тој контекст јас ја подржувам идејата, Парламентот да изгради доколку е можно стратегија, која нема само да се фокусира на зачувување на идентитетот, како што стои во предлог текстот на Резолуцијата, туку и на проблемот за самото име од кое пред 17 години, започна целиот проблем.

Почитувани пратеници, се сеќавам пред 17 години бев на почетокот на моите студентски денови, кога Грција почна да го проблематизира нашето име, а сеуште бев студент кога тогашните влади и Парламент изгласаа промена на Уставот и промена на знамето, со цел да се реши проблемот со Грција. Делумно во 1992 година, делумно во 1993 година, тогашните влади веруваа дека со тоа ќе го решат проблемот. Јас бев како што кажав студент и како и сите други граѓани преку медиумите следев што се случува. Во меѓувреме од тој период во сеќавање ми остана и Лисабонската декларација на ЕУ, како една од непријатните епизоди.

Потоа, малку откога дипломирав на Економскиот факултет се сеќавам како речиси истите политичари гордо се согласија на привремениот договор, со кој ја прифативме референцата Бивша Југословенска Репулика Македонија, со што се укина и ембаргото од страна на Грција. Овој чин беше триуфално прославен на скопскиот плоштад Македонија и ни беше соопштено дека тоа име ќе се користи само два месеци. Имав некое чувство на горчина во тој момент, но си велев, најверојатно политичарите имаат повеќе информации и знаат нешто што јас не го знам и затоа добро не ги разбирам работите. Денес гледаме дека се се правело без стратегија, затоа што истите политичари што учествуваа во тие процеси тогаш ни викаа дека Паралментот треба да донесе стратегија. И наместо тоа имало адхок решенија, политика ден за ден. Од тој период години понатаму, можеби до неодамна од овие исти политичари се пласираше тезата дека времето работи за нас и целата нација се радуваше на нижењето успеси и сите се радувавме кога ќе се објавеше вест како некоја нова земја не признава под уставното име. Истите политичари безброј пати повторуваат максимумот што може Македонија да попушти е двојната формула, што значи едно име кое би се користело во односите со Грција и уставното име за целосна меѓу народна употреба и дека под никоја околност нема да отстапиме од нашата црвена линија. Еуфоријата на успешност кулминираше во 2004 година, кога САД не призна под уставното име, кога многу политичари и аналитичари оценија дека толку многу сме успеале, што можеби е добро да ги прекинеме понатамошните разговори со Грција и дека ќе следи и бран на други признавања. Истите луѓе денес ни говорат дека треба да се фокусираме на идентитетот, а дека името не важно. никој од нив не предвиде дека Грција ќе ни стави нов вид на ембарго 4 години подоцна. Сепак, во сите тие години и покрај огромната самоувереност на политичарите и убедувањето на народот дека сме на вистинскиот пат, проблемот не само што никој не го реши, туку се зголеми за да кулминира со блокада на Грција за приемот на Македонија во НАТО оваа година и јавно неколку пати повторено соопштение на највисоките грчки политичари, дека истото ќе го применат доколку ЕУ се обиде да ни даде датум за почеток на преговорите за членство во ЕУ. Така беше од 1992 година, па преку 1998 и 2002 година, се до есента 2006 година. Мала збунетост ми внесе еден момент во 2005 година кога веќе во својство на претседател на најголемата опозициска партија бев поканет на лидерска средба на која што беше и таканарешениот државен врв и на која средба различно од претходно се бараШе подршка од нас, од опозицијата за градење на заеднички став за давање подршка на тогашниот предлог на Нимиц кој го нарековме тројна формула и во кој за прв пат се спомнуваше и прашањето на идентитетот со една нејасна формулација.

Во моментот кога дискутиравме Грција го имаше веќе јавно одбиено предлогот и тоа во првите неколку часа по добивањето, а мене ме убедуваа на средбата дека иако предлогот е одбиен, иако има неколку најасни работи, но и работи кои се косеа од дотогашаната црвена линија, треба да го прифатиме како добра основа за да изгледаме конструктивни пред меѓународната заедница.

Мојот аргумент дека со тоа нема да го решиме проблемот со името, а ќе си ја поместиме преговарачката позиција беше отфрлен и така не постигнавме заеднички став, но тогашната власт излезе со позицијата која ја предлагаше како заедничка. Толку од ретроспективата. Иако, ако се оди подлабоко во неа има уште многу детали, предлози, скапи часовници, анфори, јахти, бивши министри, претседатели, премиери и нивните мемоари, погледи и искуства. Но, да ги оставиме тие работи, кога зборуваме за потребата на стратегија во Парламентот.

Она што е карактеристично за поновиот период е некаде до октомври 2007 година, Грција говореше за условеност, за нашиот влез во НАТО и ЕУ со тоа дека ќе можеме да влеземе во НАТО и ЕУ, само под услов доколку прифатиме тоа да биде или под привремената референца, или пак со постигнување на договор, за конечно заемно прифатливо решение. Жалам што еден многу висок функционер на нашата држава целосно некоординира, побрза и тоа токму во најчитаниот и провладин грчки весник, да даде во наводници стратешко и државничко интервју, најавувајќи

дека и тука ќе ги надмудриме, бидејќи за нас било прифатливо да станеме членка на НАТО и ЕУ под привремената референца.

Можам само да замислам какво било чувството на грчките политичари во тој момент и што се размислувале и како на нив гледала нивната националистички расположена јавност. Не знам дали како одговор на ова и искрено не верувам дека ова целосно и директно по влијаело, но сигурно помогнало многу брзо подоцна Грција радикално и нагло го промени ставот изјавувајќи дека нема да дозволи да влеземе во НАТО под привремената референца и во истиот период ја лансираше својата нова државна политика со која објави дека влез во НАТО и Европската унија за нашата држава е можен само ако постигнеме взаемно прифатливо решение под условите: едно сложено име со географска одредница за употреба секаде. И оттогаш почна да доаѓаат разни предлози за името од типот на Република Нова Македонија, Република Горна Македонија, Република Северна Македонија, Република Македонија - Скопје и други, а државите кои се обидуваа да бидат олеснувачи мака мачеа да најдат некое решение пред Букурешкиот самит на НАТО.

Конечно, 6 месеци по радикалната промена на грчкиот став, некаде на почетокот на месец март 2007 година, посредникот Нимиц ни достави предлог кој го најави како конечен пред Букурешкиот самит, а кој накратко велеше дека привремената референца БЈРМ треба да се замени со името Република Македонија (Скопје). Нагласувам, само на местото на ФИРОМ.

Со оглед дека се работеше за конечен последен предлог пред Самитот, двете страни беа обврзани да се произнесат и оттука таканаречениот државен врв, по долги дискусии, донесовме одлука која ја соопштивме на медијаторот Нимиц и на претставниците на меѓународната заедница и на јавноста дека за овој предлог треба да одлучуваат граѓаните на референдум, се разбира доколку другата страна го прифати. Одговорот од меѓународната заедница беше дека, иако тоа е покомплицирано, сепак, не се смета за директно одбивање на предлогот и од тој момент сите очи се вперија кон Грција, која овој таканаречен конечен предлог на медијаторот Нимиц одлучи да го отфрли. Медијаторот и олеснувачите, на неполна недела пред Букурешкиот самит, не информираа дека предлогот дефинитивно е мртов бидејќи Грција го одби, со што се откажавме од седницата на Парламентот пред заминувањето за Букурешт.

Она на што беа насочени надежите на нашите пријатели и подржувачи беше дека сепак во Букурешт пред и за време на Самитот ќе успеат да ја убедат Грција да го прифати давањето на поканата под привременото име согласно Привремената спогодба потпишана во 1995 година. Овие напори кои повеќе држави ги вршеа завршија со неуспех и Грција го блокираше давањето покана за членство на Република Македонија во НАТО. Со мали исклучоци, едно неформално, од еден премиер кој се обиде да посредува ни беше понудено како став на Грција името Република Скопје, во заграда (Македонија) кое ние го одбивме, значи со овој исклучок во Букурешт речиси никој не бараше било каква отстапка од нас, сите беа насочени кон Грција, со надеж дека таа ќе ја почитува Привремената спогодба, кога веќе го одбила конечниот предлог на медијаторот Нимиц. И не беше случајно што сите членови на делегацијата по Самитот изјавивме дека направивме се што можевме имајќи предвид дека ги исполнивме сите критериуми за членство и се согласивме конечниот предлог на медијаторот да го ставиме на референдум за изјаснување на граѓаните на Македонија.

Сакам да нагласам дека одбивањето на Грција на овој предлог не се базираше на тоа дека ние бараме референдум, туку јасно дадоа на знаење дека содржината на предлогот за нив е неприфатлива.

Сакам исто така да нагласам дека во повеќе наврати потоа некои домашни политичари, аналитичари и новинари сакајќи да ја девалвираат нашата работа, посветеност и искрен пристап, во повеќе наврати, кога го прераскажуваа овој период намерно заборавaа да кажат дека нашето прифаќање беше дека тој предлог сме подготвени да го ставиме на изјаснување на граѓаните на референдум и најчесто реченицата ја завршуваа дека ние го прифативме предлогот. Сметам дека ова го правеа од побуди кои имаат цел за внатрешно девалвирање на политичкиот противник, невнимавајќи дека покрај тоа ги рушат и натамошните преговарачки позиции на државата.

Периодот по Букурешт е нова етапа во која атинските политичари, откако се вратија во земјата како херои кои не само што ја победиле помалата соседна држава, туку го победиле и САД и многу други земји членки кои се залагаа за успех, продолжи понатаму со натамошно радикализирање на својата позиција и на разни начини правење на обиди за добивање нови сојузници. Новата тактика во споредба со онаа пред Букурешт е слична по тоа што и претходно и сега тврдеа дека сакаат брз договор, а разликата е во тоа што како никогаш претходно во овој период тие влечеа потези со кои се одалечуваме од можноста за постигнување на договор. Вокабуларот и приказната која ја создаваат на внатрешен план преку медиумите, воените паради и изјавите, ако добро се погледне, кажува дека максимумот, тоа е дел од нивните изјави, што тие можат да го прифатат е уставното име да го користиме само за внатрешна употреба, додека за надворешна како билатерална така и мултилатирална би морало да се користи името кое тие го одбраа, Република Северна Македонија, со промена на пасошите, каде би го пишувало само новото име, задолжителна промена на Уставот каде би се внело новото име покрај уставното име, за кое би пишувало дека е само за внатрешно име за во границите на

нашата држава, а секаде надвор само новото име.

Исто така, нема подготвеност во делот на идентитетот, пред се нација и јазик да прифатат тоа да биде македонски, туку нешто друго, на пример: граѓани на Република Северна Македонија и јазик на Република Северна Македонија или северномакедонски јазик и слично.

Она што всушност сака да го постигне Грција е компромисот да биде во тоа што ако ги прифатиме нивните позиции 100% или најмалку во над 90% би добиле членство во НАТО и почеток на преговори со Европската унија и всушност Европската унија и НАТО би биле компромисот кој тие би го направиле и евентуално уставното име да се користи само внатре во земјата како максимален компромис.

Сакам да нагласам неколку работи.

Прво, во последно време се рашири една теза од некои политичари и аналитичари дека треба да се фокусираме на идентитетот, а да попуштиме кај името и дека со тоа ќе се дојде до договор и деблокирање на Македонија во евроатлантските интеграции.

Сакам да потенцирам дека од сите информации кои ги имам како премиер на Република Македонија дека на Грција во овој момент не и паѓа на памет да попушти по прашањето на идентитетот. Значи, повторувам, не и паѓа на памет компромисот да го прави по ова прашање. Прашањето за идентитетот ним им е толку значајно колку и на нас и всушност целиот проблем е заради идентитетот, бидејќи идентитетот меѓу другото извира и од самото име, па од тие причини се бараше промена само на името се до оној момент кога некои наши политичари не побараа Грција да се согласи нацијата и јазикот да се викаат македонски во англиски превод и дека под такви услови тие политичари се подготвени и да попуштат кај името. Всушност, Атина компромисот не е подготвена да го направи и со формулацијата за името освен она име што тие го одбраа, ниту со било кој став од нивните позиции. Сепак, на меѓународната јавност непрекинато и сервираат дека направиле еден крупен компромис и дека сега се подготвени на уште еден. Направениот компромис го сметаат фактот дека тие се согласиле во нашето име да стои зборчето Македонија, тоа е направениот компромис, а компромисот што сега се подготвени да го направат како последен е тоа што би дозволиле уставното име да го задржиме за домашна употреба само внатре во границите на нашата држава.

Значи за сите оние кои сметаат дека решението е во отстапка на Атина во делот на идентитетот, а наша во името им нагласувам дека тоа за Грција е крајно неприфатливо. Кој има докази или барем сигнали од грчка страна за спротивното, нека излезе и нека ги презентира.

Втора работа што сакам да ја потенцирам е верувањето дека таквиот став со фокусирање само на идентитетот ќе ни ги подобри позициите кај меѓународната заедница како кооперативни во спрот, а Грција како некооперативна, ќе заврши само со нова преговарачка позиција на Македонија, далеку полоша од сегашната бидејќи еве и доколку сите се согласиме на тоа, откако Грција ова и официјално ќе го одбие, по 6 месеци преговорите ќе се водат колку Македонија може да отстапи од прашањето за идентитетот за да стане членка на НАТО и Европската унија и доколку не попушти ќе се смета повторно за некооперативна. И одејќи по таа логика и линија на помал отпор, нови отстапки ќе бидат нужни.

Тезата пак дека сега треба да попуштиме се што ни бараат, а откако ќе влеземе во НАТО и Европската унија се ќе смениме е толку наивна и лаичка и толку многу ја потценува моќта на Грција што мислам дека не морам и да ја коментирам.

Сакам исто така да потенцирам дека дури и атинските политичари интимно да сакаат да направат некаква отстапка, атмосферата која самите тие ја изградија во нивната држава нема да дозволи такво нешто да им помине во Парламентот. Кој не верува, нека најде некој во Грција што добро ги познава приликите во Атина за да му објасни. Таа атмосфера е свесно направена од грчките политичари како заштита на националните грчки интереси, би рекол прилично различно од Република Македонија.

Понатаму, подржувачите на тезата на попуштање за името во замена на идентитетот се потпираат на евентуалниот притисок кој меѓународната заедница би го направила врз Грција. Се прашувам како меѓународната заедница не можеше да ја притисне Грција пред Букурешт кога толку многу им беше важно проширувањето, а ке успее сега кога нема рокови за самит на кој треба три земји да добијат покана, кога видоа дека Грција оди по секоја цена да го добие ова прашање и кога завршува мандатот на претседателот Буш, кој лично даде големи напори да ни помогне и нам и на регионот и кога и самите американци не се сигурни дека било кој друг претседател на САД тешко дека така ќе се фокусира во толкав обем на решавање на ова прашање.

Од друга страна, меѓународната заедница следејќи ја ситуацијата ја прими пораката дека врз Грција не може да изврши притисок, бидејќи државата е посилна, а политичарите и народот далеку пообединети.

Од друга страна оценија дека во Македонија има поголема можност или почва за тоа, бидејќи некои од политичарите јавно се произнесоа дека треба да попуштиме, да ја свиткаме кичмата, дека тие што не попуштаат не се за НАТО и не се Европската унија и земјата ја водат во изолација, а кога тие би дошле на власт брзо би го решиле проблемот со поголемо попуштање. И нормално, како резултат на тоа, притисокот на

меѓународната заедница кон Грција се преполови, а кон Македонија се удвои како никогаш до сега. Конечно, и Грција сфати дека вреди да се чека не само заради заминувањето на Буш, туку и заради можноста во друга време да постигне договор со други политичари кои ако не 100% барем 95% ќе биде според нивната замисла во која тие го добиваат името и идентитетот и пасошот и промената на Уставот и обемот на користење. Па така, за само неколку месеци дојде до неверојатен пресврт во размислувањето оние политичари во Македонија кои ја промовираат двојната форула и до 2005, 2006 година ја сметаа за максимален компромис и кои тврдеа дека времето работи за нас, одеднаш нас кои сега сме на власт во овие последни две години, заради истиот тој нивнен 13 годишен став поврзан со верувањето дека двојната формула е најдоброто решение за овој спор, не нарекуваа тврди, безкомпромисни и политичари кои со такви ставови ќе ја изолираме земјата, незаинтересирани за НАТО и за Европската унија, а истите тие сега со нови итровштини кои се сведуваат на целосно рушење на преговарачките позиции на државата, водени од желбата да се вратат на власт, најавуваат дека тие би го решиле проблемот. Истите политичари кои 14 години не го решија овој проблем иако беа на власт, а сега јавно говорат дека одговорноста е само и само кај Никола Груевски.

Оттука, заради ваквата поделеност, ценам дека Парламентот треба да изгради државна стратегија, и тоа што поитно, и да не се фокусира само на идентитетот, туку на сите прашања вклучувајќи ги и името и се друго и само како такво оваа резолуција би можела да биде прифатена. Се друго, како што е фокусирање само на едно прашање, а заборавање на другите прашања, би било нова непријатна и штетна игра.

Притоа, не треба да ги заборавиме и проблемите на македонското малцинство во Грција и на Македонците протерани за време на Граѓанската војна во Грција.

Почитувани пратеници, дозволете ми уште еднаш како премиер да ја реафирмирам политиката на Владата во која како еден од највисоките приоритети е членството во НАТО и Европската унија, бидејќи ние ги делиме истите вредности и бидејќи тоа членство ќе и помогне на Македонија во натамошниот економски демократски и политички развој. Од тој аспект, целосно сме и ќе продолжиме да бидеме фокусирани на прашањето поврзано со проблемот со името, кое очигледно стана предуслов за членство во НАТО и во Европската унија, продолжуваме со преговорите за изнаоѓање решение и повикуваме на поголемо, значително поголемо единство во државата. Не смееме да се делиме дека едните сме повеќе за името и за идентитетот, а другите сме повеќе за НАТО и за Европската унија. Треба сите да сме и за едното и за другото и треба сите да се откажеме од градење политички капитал и ловење на изборни гласови на ова, во моментот највисоко стратешко прашање.

Исто така, не е добро да ги плашиме граѓаните дека земјата ќе оди во пропаст заради блокадата во НАТО и Европската унија од Грција, како што и не треба никој да ја убедува јавноста дека е сосема седно дали сме или не сме членки на НАТО и Европската унија затоа што сите знеме и посакуваме да сме членка и сме свесни за придобивките од таквото членство, односно од негативностите доколку го нема.

Исто така, останувме на ставот дека конечниот став по ова прашање, каква и понуда да добиеме како конечна или нешто слично, доколку е прифатлива за Атина во даден момент, кога ќе се оцени, мора да оди на проверка кај граѓаните на референдум, при што сите партии, невладини организации, меѓународна заедница, здруженија, истакнати интелектуалци, аналитичари, медиуми, ќе ги извадиме и ќе им ги презентираме сите информации и мислења на граѓаните и врз основа на сите тие информации тие ќе ја донесат одлуката. Исходот од тој референдум, одлуката на мнозинството на граѓаните од оние кои ќе се произнесат со гласање ќе бидат наш патоказ понатаму.

Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на резолуцијата е завршен.

Предлогот на резолуцијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 94 пратеници. Од нив за Предлогот на резолуцијата гласаа 93 пратеници, воздржани нема, 1 гласаше против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Резолуцијата за изнаоѓање на стратегија за наметнатиот спор од страна на Република Грција за нашето уставно име.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, констатирам дека 27-та седница на Собранието на Република Македонија е завршена.

За утре е закажана нова седница во 11,00 часот.

(Седницата заврши во 18,17 часот)